**Центарот за јавно здравје - Скопје, социјално медицинската дејност ја спроведува преку Одделението за социјална медицина.**

Отсекот за здравствено воспитување во споменатото одделение континуирано предлага мерки и активности за чување и унапредување на здравјето на граѓаните на Скопје, како главен инструмент во подобрувањето на здравствената состојба на населението.

Отсекот за здравствено воспитување е во постојана комуникација со училиштата, во кои континуирано се држат предавањата, а се практикува и да се прифатат одредени барања од училиштата за теми во кои се обработува одреден јавно здравствен проблем кој ги засега учениците во училиштата, за одреден временски период во одредено подрачје во Скопје.

**Активностите се спроведуваат преку:**

• Едукативни предавања на ученици во училиштата од основното и средното образование во руралното и градското подрачје на Скопје.

Во училиштата се врши промоција на здравствено воспитни содржини за здравјето на учениците, со цел да се оспособат за да можат да ја зголемат контролата над своето здравје во смисла на негово чување и унапредување, а не само за спречување на настанување на болест.

• Едукативни предавања на стари лица над 65 години

За лицата постари од 65 годишна возраст се организираат посети од наши тимови во институциите во кои тие организирано живеат, старските домови, за да им се укаже и помогне за полесно справување со нивните болести како и да им се укаже како полесно да ги совладаат ризик факторите кои се понекогаш и основната причина за настанување на социјалните болести .

Активности за унапредување на здравјето
ЈЗУ ЦЈЗ СКОПЈЕ Одделение за социјална медицина